**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk**

Уп. бр. 08-80

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на Аустротерм ГмбХ., со седиште на Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија, доставено преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден .05.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување единствена контрола од Аустротерм со седиште на Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија, врз друштвото Группо Порон С.р.л., вклучувајќи ги и неговите поврзани друштва и Италконсулт С.р.л., заедно со Группо Порон, двете со седиште на виа Верцелли 19, Рим, Италија, преку стекнување на 100% од акциите во Целните друштва, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 23.04.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на Аустротерм со седиште на Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија, која се однесува на стекнување единствена контрола врз друштвото Группо Порон С.р.л., вклучувајќи ги и неговите поврзани друштва и Италконсулт С.р.л., заедно со Группо Порон, двете со седиште на виа Верцелли 19, Рим, Италија, преку стекнување на 100% од акциите во Целните друштва.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk**e-mail:**kzk@kzk.gov.mk**

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Аустротерм е главно активно во производството и продажбата на изолациони материјали изработени од експандиран полистирен ("**EPS**") и екструдиран полистирен ("**XPS**"), што се користат како изолациони материјали за згради, но со различни области на примена. Портфолиото на производи на Аустротерм е заокружено со фасадни профили и градежни табли за обложување подови и ѕидови.

Аустротерм е дел од Шмид Индустрихолдинг Г.м.б.Х. (*Schmid Industrieholding G.m.b.H.*), Австрија ("**ШИХ**"). Преку своите поврзани друштва, ШИХ е активно во различни сектори, вклучително и екстракција на суровини (главно ископување варовник, талк); производство на цемент; материјали за градежната индустрија (како што се бои, монтажни производи, облоги, малтери, изолација, штуко, полнила, тула, цемент, бетонска индустрија); трговија, печки за складирање, рекламна индустрија и опрема за лов.

ШИХ има едно поврзано друштво основано во Северна Македонија, БАУМИТ ДООЕЛ Скопје со седиште на Јадранска Магистрала 165, Скопје - Бутел, Северна Македонија, активно во снабдувањето со производи на БАУМИТ како што се суви малтери, фасадни системи, изолациони плочи и композитен систем за надворешна топлинска изолација.

Группо Порон е италијанско друштво кое првенствено се занимава со производство, трансформација и продажба на производи од EPS. Покрај тоа, Группо Порон е активно и во продажбата на производи од XPS, како и производство на полистиренска амбалажа за градинарството, млечните, рибите, медицинските и угостителските сектори.

Итаконсулт е дел од истата групација како Группо Порон и е компанија за недвижности на групацијата, која се занимава со лизинг на индустриски недвижности. Италконсалт поседува згради и парцели на производствени локации и дава закуп на Групо Порон.

Целните друштва немаат поврзани друштва, активности или приходи во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**